Врз основа на член 26 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17) директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе:

# ОДЛУКА
## за измена и дополна на
## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2018 ГОДИНА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа Одлука се врши измена на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година бр.05–003388/18-0001 од 12.01.2018 г.

2. Во Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, се менуваат податоците за набавките со број 3, 6 и 17 од основниот План за јавни набавки за 2018 година, и истите гласат:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 3. | Набавка на дигитални сертификати | | Јуни | 338.983,00 | 400.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |
| 6. | Набавка на печати и мастило | | Март | 508.475,00 | 600.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | Двегодишна набавка |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17. | Набавка на масло за греење | 09135100-5 | Септември | 22.881.356,00 | 27.000.000,00 | Отворена постапка | Двегодишна набавка |

3. Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, се **дополнува со нови набавки кои гласат:**

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Изработка на геодетски елаборати | | Октомври | 508.475,00 | 600.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | Двегодишна набавка |
| 2. | Услуги за пилот продукција и унапредување на СОЦДАД | 72262000-9 | Декември | 34.000.000,00 | 40.120.000,00 | Отворена постапка | |
| 3. | Изработка на планска, проектна и техничка документација за потребите на Царинската управа (во внатрешноста и на гранични премини) | | Октомври | 4.745.763,00 | 5.600.000,00 | Отворена постапка | Двегодишна набавка |

4. Во Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, **набавките со реден број 9, 22, 36, 37 и 43 се бришат:**

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 9. | Набавка и одржување на ГПС уреди за возила на Царинска управа | | Февруари | 1.271.187,00 | 1.500.000,00 | Отворена постапка | |
| 22. | Замена на противпожарна и против провална опрема | | Јуни | 84.746,00 | 100.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |
| 36. | Изработка на проектна документација за потреби на ЦУ | | Март | 3.898.306,00 | 4.600.000,00 | Отворена постапка | |
| 37. | Изработка на архитектонско-урбанистички проект | | Август | 847.458,00 | 1.000.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |
| 43. | Набавка на консултантски услуги за потребите на сметководство | | Септември | 84.746,00 | 100.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |

5. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување и претставува составен дел на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година број 05–003388/18-0001 од 12.01.2018 година.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Одлуката за измена и дополна на Планот за јавни набавки за 2018 година се прави врз основа на следните доставени барања:

- Барање бр.05-041368/18 - 0002 од 27.09.2018 година, доставено од Сектор за информациски и комуникациски технологии, со кое е побарано да се изврши промена на проценетата вредност на договорот за планираната набавка „Набавка на дигитални сертификати" (ред.бр. 3 во ПЈН) така да новата проценета вредност на договорот изнесува 400.000,00 денари со ДДВ наместо 100.000,00 денари со ДДВ, поради потреба за набавка и на дополнителни серверски сертификати ( SSL и java code signing сертификати ) за повеќе царински ИТ системи.

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања бр.05-041368/18-0003 од 28.09.2018 година, вкупно потребните средства во износ од 400.000,00 се обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2018 година.

- Барање бр.29-003388/18-0038 од 02.10.2018 година, доставено од Сектор за административни и технички работи-Одделение за инвестиции и одржување, со кое е побарано да се изврши дополнување на Планот за јавни набавки со нова двегодишна јавна набавка -„Изработка на геодетски елаборати", со проценета вредност на договорот од 600.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања бр.05-003388/18-0043 од 10.10.2018 година, вкупно потребните средства за предметната нова двегодишна набавка во износ од 600.000,00 денари ќе се планираат и обезбедат со буџетот на Царинска управа за 2019 (300.000,00 денари) и 2020 година (300.000,00 денари).

- Барање бр.29-082812/18-0001 од 05.10.2018 година доставено од Секторот за административни и технички работи-Одделение за одземена и отстапена стока и магацини, со кое е побарано да се изврши промена на проценетата вредност за планираната двегодишна набавка „Набавка на печати и мастило" (ред.бр. 6 во ПЈН), така да новата проценета вредност на договорот изнесува 600.000,00 денари со ДДВ наместо 160.000,00 денари со ДДВ.

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања бр.05-082812/18-0002 од 10.10.2018 година, потребните средства за предметната нова двегодишна набавка во износ од 600.000,00 денари ќе се обезбедат со буџетот на Царинска управа за 2018 (300.000,00 денари), а останатите 300.000,00 денари ќе бидат планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2019 година.

- Барање бр.05-003388/18-0040 од 03.10.2018 година доставено од Секторот за финансиски прашања со кое е побарано да се изврши бришење од Планот за јавни набавки на јавната набавка под ред.бр. 43-„Набавка на консултантски услуги за потребите на сметководство" , бидејќи немаат потреба од таква набавка.

- Барање бр.05-003388/18-0044 од 10.10.2018 година, доставено од Сектор за административни и технички работи-Одделение за безбедност и противпожарна заштита, со кое е побарано да се изврши бришење од Планот за јавни набавки на набавките под ред.бр. 9-„Набавка и одржување на ГПС уреди за возила на Царинска управа" и ред.бр. 22- „Замена на противпожарна и против провална опрема", бидејќи немаат потреба од такви набавки.
- Барање бр.29-008781/18-0001 од 10.10.2018 година, доставено од Сектор за административни и технички работи-Одделение за управување со гранични премини, со кое е побарано за „Набавка на масло за греење" (ред.бр.17 во ПЈН), да се изврши промена на наведеното во колона 8 од ПЈН (забелешка), така да предметната набавка биде „двегодишна набавка", наместо „тригодишна набавка".

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања бр.05-008781/18-0003 од 12.10.2018 година, вкупно потребните средства за реализација на предметната двегодишна набавка во износ од 27.000.000,00 денари ќе бидат планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2019 година ( 13.500.000,00 денари) и 2020 година (13.500.000,00 денари), односно бараната промена може да се изврши.

- Барање бр.24-042118/18-0002 од 12.10.2018 година, доставено од Сектор за информатички и комуникациски технологии, со кое е побарано да се изврши дополнување на Планот за јавни набавки со нова јавна набавка - „Услуги за пилот продукција и унапредување на СОЦДАД", со проценета вредност на договорот од 40.120.000,00 денари со вклучен ДДВ и очекуван почеток на набавката во декември 2018 година.

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања бр.05-042118/18-0003 од 12.10.2018 година, вкупно потребните средства за предметната нова набавка во износ од 40.120.000,00 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинска управа за 2019 година.

- Барање бр.29-084700/18-0001 од 12.10.2018 година, доставено од Сектор за административни и технички работи-Одделение за инвестиции и одржување, со кое е побарано да се изврши спојување на планираните набавки „Изработка на проектна документација за потреби на ЦУ" (ред.бр. 36 во ПЈН) и „Изработка на Архитектонско урбанистички проект" (ред.бр. 37 во ПЈН) во нова двегодишна јавна набавка -„Изработка Изработка на планска, проектна и техничка документација за потребите на Царинската управа (во внатрешноста и на граничните премини)", со проценета вредност на договорот од 5.600.000,00 денари со вклучен ДДВ и очекуван почеток на набавката во октомври 2018 година. Воедно спојувањето на предметните две набавки во нова набавка предизвикува бришење на истите од Планот за јавни набвки.

**Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања бр.05-084700/18-0002 од 15.10.2018 година, вкупно потребните** средства за предметната нова двегодишна набавка во износ од 5.600.000,00 денари ќе бидат планирани и обезбедени со проширување на буџетот на Царинската управа за 2019 година (2.800.000,00 денари) и ќе бидат планирани со буџетот на Царинската управа за 2020 година (2.800.000,00 денари).

Директор
м-р Ѓоко Танасоски

Број 05-003388/18 – 0045
Скопје, 15. 10. 2018 г.

Изработил: Мирјана Станоева
Одобрил: Александар Петковски

Доставено во оригинал до:
- Одделение за јавни набавки,
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Директор
- Заменик директор
- Советници на директор
- Сектор за сметководство и финансии,
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Сектор за царински систем
- Сектор за ИКТ
- Сектор за контрола и истраги
- Сектор за професионална одговорност
- Сектор за акцизи и нетарифни мерки
- Сектор за правни работи